Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 06-03-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 33/5 | | |

До Деканатот на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески"– Скопје

На својата 84-та редовна седница, одржана на 15.02.2023 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје нѐ избра за членови на комисија за избор на демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот Современ англиски јазик 4 (0+6) во летниот семестар во академската 2022/2023 година. Преку допис бр. 08-33/4 од 23.02.2023 бевме информирани дека на објавениот интерен оглас за демонстратор на студиската програма по англиски јазик и книжевност се пријавила една кандидатка, Изабела Целевска, на 21.02.2023 година. По разгледување на приложената документација на пријавената кандидатка Изабела Целевска, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Кандидатката Изабела Целевска ги исполнува посебните услови за избор во демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", бидејќи во 2020 год. дипломирала на Катедрата за англиски јазик и книжевност со просечна оцена 9,21 (со 240 ЕКТС кредити), а воедно е и редовен студент на втор циклус студии на програмата Наука за јазик – англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, запишана во март 2021 година.

Своето работно искуство Целевска го започнува во Британскиот совет, Скопје како надгледувач на испити. Понатаму, од октомври 2020 до август 2021 година работи како агент за логистика, транспорт и шпедиција во Флеет Солутионс, Охрид кадешто е задолжена да ги следи тековните финансиски податоци на компанијата и да биде во комуникација со банкарски, брокерски и други финансиски институции во САД. Кандидатката исто така веќе има искуство со работа на Катедрата по англиски јазик, како демонстратор по Современ англиски јазик 3, во зимскиот семестар 2021 и 2022 година и по Современ англиски јазик 4, во летниот семестар 2022 година.

Целевска исто така земала учество во разни курсеви и обуки организирани од Еразмус+ како на пример обуката (тренинг курсот) *Be in the Right Place*, одржана во јули 2019 година во Трикала Грција, обуката *Resilience-Motivation-Values-Emotions*, во

август 2019 година во Липик, Хрватска, понатаму на *Creative Writing as a tool for community change*, обука одржана во декември 2019 година во Струга, Р.С. Македонија. Воедно, кандидатката учествувала и во две младински размени: правата била во октомври 2019 година во Барселона, Шпанија под името *Trust me, I'm a volunteer* и втората размена, *Empowering through storytelling*, била во август 2021 година во Анкара, Турција.

Што се однесува до публикации, таа учествувала во групен преведувачки проект *Херојски приказни:Митови, легенди и приказни од различни делови на светот*, кој бил објавен од Арс Ламина во 2020 година.

Нејзината биографија зборува за сестраниот интерес и посветеност на професионалното усовршување. Земајќи ги предвид претходно наведените лични и професионални остварувања на кандидатката, како и нејзиниот висок академски успех на студиите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да ја избере кандидатката Изабела Целевска за демонстратор по предметот Современ англиски јазик 4 (0+6) во летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Рецензентска комисија:

Вон. проф. д-р Зорица Трајкова Стрезовска

ЗТСтр.

Вон.проф. д-р Наташа Стојановска-Илиевска

Н.Стојановска-Илиевска

Вон.проф. д-р Мира Беќар

М.Беќар